ИСКЛУЧОЦИ ОД ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ

1. Прашање:

Во член 23 став (1) точка 3 потточка в) од законот, се вели дека одредбите од законот не се применуваат за термини за радио или телевизиско емитување програма. Дали наведениов исклучок е применлив кога договорниот орган има потреба од закуп на термини за радио или телевизиско емитување програма кај јавниот радиодифузен сервис Македонска радио телевизија, или исклучокот се однесува на закуп на термини за радио или телевизиско емитување програма кај сите оператори кои ги обезбедуваат овие услуги (национални, локални ТВ станици и радио – Антена, Сити, Сител, Канал 5 и останати).

Одговор:

Исклучокот од примената на овој закон се однесува на купување на термини на радио и телевизиско емитување на програма (пренесување преку воздух, сателит или кабел и слично).

Радиодифузер согласно член 3 точка 17 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е давател на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги за радио или телевизиско емитување.

Согласно член 62 став (1), (2) и (3) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дејноста обезбедување на телевизиско или радио емитување ја врши радиодифузер кој е запишан во Централниот регистар на Република Македонија, има седиште и уредништво во Република Македонија и има дозвола за телевизиско или радио емитување. Радиодифузер може да започне со обезбедување на телевизиско или радио емитување по добивање на дозвола за телевизиско или радио емитување. Дозволата може да се издаде за подрачје на целата територија на Република Македонија, односно за државно ниво, за подрачје на одреден регион, односно за регионално ниво или за подрачје на одредено населено место со најблиската околина, односно за локално ниво, согласно со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата. Имателот на дозволата стекнува право да го емитува радио или телевизискиот програмски сервис во подрачјето, односно нивото за кое ја добил дозволата.

Оттука, договорните органи немат обврска да го применат законот, во случај кога имаат потреба да откупат радио или телевизиски термин за емитување на одредени програми. При тоа, овој исклучок се применува кога се закупува термин за радио или телевизиско емитување програма кај кој било радиодифузер, а не само кај јавниот радиодифузер Македонска радио телевизија.

Воедно, напоменуваме дека самата продукција на програмата не потпаѓа под овој исклучок и за неа соодветно се применува законот.

ОПШТИ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

2. Прашање:

На веб страната на Бирото објавен е модел за Изјава за непристрасност и доверливост. Дали истата е само препорака, а со цел за заштита на договорните органи, кој ја потпишува и во кој момент и дали треба да се прикачува на системот во досието на постапките?

Одговор:

Интегритетот на постапката е уреден со членовите 36, 37 и 38 од Законот за јавните набавки, од каде произлегуваат и обврските во постапувањето за договорните органи и економските оператори.

Изјавата за непристрасност и доверливост претставува дополнителна алатка за обезбедување на интегритетот на постапката. Нејзината примена не е задолжителна.

Сепак, Бирото ги охрабрува договорните органи да ја разгледаат можноста за примена на Изјавата согласно сопствената организациона структура и интерните процедури за спроведување на јавните набавки, со цел поттикнување на свесно и одговорно постапување на лицата кои се вклучени во подготовка на јавна набавка, непристрасност во подготовката на јавната набавка и доверливост во однос на информациите или документите со кои (ќе) располагаат, а во насока на почитување на начелото на конкуренција помеѓу економските оператори и начелото на еднаков третман и недискриминација на економските оператори.

ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

3. Прашање:

Во поедноставена отворена постапка, економскиот оператор прикачил Изјава за докажување на способност. По завршување на електронската аукција, а пред донесување на одлука за избор побарани му се документите за утврдување на способност и определен е рок за нивно доставување. Економскиот оператор ги достави сите побарани документи, но едниот од доставените документи е невалиден.

Дали понудата ќе се смета за неприфатлива и дали треба да објавиме негативна референца согласно член 101 став 7 (а, во врска со член 101 став 6 алинеја 1) од законот, поради прекршување на дадената изјава за докажување на способност.

Одговор:

Кај поедноставена отворена постапка, согласно со член 49 став (3) од законот, економскиот оператор има слобода да бира дали ќе достави изјава за докажување на способноста или потребните документи за утврдување на бараната способност.

Согласно ставот (4) од истиот член, пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, економскиот оператор чија понуда е оценета за најповолна е должен во рок кој го утврдува комисијата за јавна набавка и кој нема да е пократок од три работни дена да ги достави документите за утврдување способност доколку со понудата доставил изјава за докажување на способноста, а во спротивно ќе се смета дека ја повлекува понудата.

Оттаму, доколку во овој рок економскиот оператор не ги достави документите или достави нецелосни документи или достави невалидни документи, договорниот орган без да утврди дополнителен рок за доставување на документи, констатира дека економскиот оператор ја повлекува понудата и согласно член 101 став (6) алинеја 1 и член 101 став (7) од законот, објавува негативна референца во ЕСЈН.

4. Прашање:

Доколку економскиот оператор во поедноставена отворена постапка доставил изјава за докажување на способноста, комисијата пред изготвување на предлогот за избор, ќе ги побара документите во определен рок кој нема да е пократок од 3 работни дена. Дали доколку документите со кој се потврдува дека не постојат причини за исклучување од постапката се постари од 6 месеци, ќе се смета дека понудувачот ја повлекол понудата и дали треба да му биде издадена негативна референца.

Одговор:

Кај поедноставена отворена постапка, согласно член 49 став (3) од законот, економскиот оператор има слобода да бира дали ќе достави изјава за докажување на способноста или потребните документи за утврдување на бараната способност.

Согласно ставот (4) од истиот член, пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, економскиот оператор чија понуда е оценета за најповолна е должен во рок кој го утврдува комисијата за јавна набавка и кој нема да е пократок од три работни дена да ги достави документите за утврдување способност доколку со понудата доставил изјава за докажување на способноста, а во спротивно ќе се смета дека ја повлекува понудата. Воедно, договорниот орган кај оваа постапка ги прифаќа документите за утврдување на способност кои се издадени и по крајниот рок за поднесување на понудите.

Согласно член 95 став (6) од Законот, документите од членот 88 ставови (1) и (2) на овој закон не смее да бидат постари од шест месеци од крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество.

Оттаму, доколку во овој рок економскиот оператор не ги достави документите или достави нецелосни документи или достави невалидни документи, договорниот орган без да утврди дополнителен рок за доставување на документи, констатира дека економскиот оператор ја повлекува понудата и согласно член 101 став (6) алинеја 1 и член 101 став (7) од законот, објавува негативна референца во ЕСЈН.

ПОСЕБНИ НАЧИНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

5. Прашање:

Договорен орган има склучена Рамковна спогодба со повеќе економски оператори кои ги исполнуваат условите од тендерската документација и кои се рангирани според критериумот најниска цена, а изборот на економскиот оператор на кој ќе се додели поединечен договор за јавна набавка се врши со примена на т.н. “каскаден метод”, односно “скалест метод”, каде прво договорот за јавна набавка се доделува на економскиот оператор кој е прворангиран во рамковната спогодба, а потоа доколку тој не е во можност, се повикува следниот, односно второрангираниот економски оператор, итн. Се поставува прашање дали во ваков случај се применува одредбата од член 112 став 5 од ЗЈН, каде е дефинирано дека ,,договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран понудувач, ако цената не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда” или оваа одредба не се применува кога Договорниот орган има склучено Рамковна спогодба со повеќе економски оператори.

Одговор:

Законот за јавните набавки предвидува можност јавната набавка да заврши со склучување на договор за јавна набавка или рамковна спогодба.

Согласно член 57 став (10) од Законот, рамковната спогодба со повеќе економски оператори не ги обврзува страните на склучување поединечен договор за јавна набавка, а рамковната спогодба со еден економски оператор ги обврзува страните за склучување на поединечен договор доколку договорниот орган тоа го предвидел во тендерската документација.

Согласно член 112 став (5) од Законот, ако избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот или дојде до раскинување заради негово ненавремено или неквалитетно извршување, договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран понудувач, ако цената не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда.

Имајќи го предвид горенаведеното, како и наведеното во вашето прашање, Бирото е на мислење дека ставот (5) од член 112 од Законот не се применува при склучување на поединечни договори врз основа на склучена рамковна спогодба.

Имено, ставот (5) од член 112 од Законот остава можност за договорниот орган, во исклучителни случаи, доколку избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот или дојде до раскинување заради негово ненавремено или неквалитетно извршување, да склучи договор со следниот рангиран понудувач, ако цената не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда, со што се заштедува време и трошоци за повторно спроведување на постапка за јавна набавка.

Од друга страна, рамковната спогодба претставува правен механизам кој му овозможува на договорниот орган, согласно неговите потреби, во периодот на важност на рамковната спогодба, да пристапи кон една од страните на рамковната спогодба и со неа да склучи договор за извршување на предметот на спогодбата, под услови кои се утврдени во истата.

Кај рамковните спогодби кои се склучуваат со повеќе економски оператори и со кои во рамковната спогодба се утврдуваат сите услови за доделување на поединечни договори за јавни набавки, вклучително и цените, изборот помеѓу различните економски оператори може да се направи согласно методот „каскада“, односно прво да се контактира економскиот оператор чија понуда се сметала за најповолна, а се оди кон вториот доколку првиот економски оператор не е во можност или не е заинтересиран за обезбедување на предметните стоки, услуги или работи. Притоа, доколку економскиот оператор чија понуда се сметала за најповолна не е во можност или не е заинтересиран за обезбедување на предметните стоки, услуги или работи, истото не треба да се смета за откажување од склучување на договорот во смисла на член 112 став (5) од Законот, од причина што самата рамковна спогодба не го обврзува економскиот оператор на склучување поединечен договор за јавна набавка. Воедно, економските оператори со кои е склучена рамковна спогодба, се веќе избрани во постапка за јавна набавка согласно исполнувањето на условите и нивните понудени цени, врз основа на кои ќе се доделуваат и поединечните договори, освен доколку договорниот орган во тендерската документација не навел поинаку.

КОМИСИЈАТА ЗА ЈАВНА НАБАВКА / ЛИЦЕ ИЛИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ОБЛИК ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

6.**Прашање:**
Дали вработено лице со средна стручна спрема може да биде член на комисија (не претседател, туку член на комисија)?.

Одговор:

Со одлуката за јавна набавка согласно член 77 став (2) од законот, меѓуостанатото се назначува составот на комисијата за јавна набавка.

Надлежностите и составот на комисијата се определени со членот 79 од законот. Со овој член, исто така, се задолжуваат членовите на истата да постапуваат согласно со Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки, број на членови е непарен, а може да се назначат и заменици.

Законот експлицитно не определува кои лица можат (не можат) да бидат членови на комисијата за јавни набавки во смисла на нивна стручна спрема, работно место на кое се наоѓаат, работно искуство и сл.

Единствен услов кој го поставува законот, во однос на составот на комисијата за јавна набавка, е во случаите кога се доделува договор за јавна набавка со проценета вредност над 130.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги и над 5.000.000 евра во денарска противвредност за работи, задолжително да членува лице кое има потврда за положен испит за лице за јавни набавки.

Бирото препорачува да се донесат интерни процедури со кои ќе се уреди спроведувањето на јавните набавки во рамки на договорниот орган.

Со наведените процедури ќе се уреди подготовката на јавните набавки, спроведувањето на постапките за јавни набавки, склучувањето на договорите за јавни набавки и нивното реализирање, односно ќе се уреди постапувањето на комисиите за јавни набавки и на организационите единици за чии потреби се спроведуваат конкретните набавки, (што подразбира и номинирање на лица од организационата единица која има стручни знаења од предметот на набавка), каде ќе бидат наведени и нивните обврски. Исто така, овие процедури треба да го уредат назначувањето на комисиите за јавни набавки, постапувањето на лицата за јавни набавки, како и лицата задолжени за следење и реализација на договорите за јавни набавки.

Оттука, за членови на комисиите за јавни набавки треба да се назначуваат лица кои имаат познавање од предметот на набавката и кои би можеле евалуацијата на понудите да ја спроведат во пропишаните рокови и согласно барањата од тендерската документација.

ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА / ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

7. Прашање:

Во фаза на подготовка на техничката спецификација и тендерска документација за одржување на возен парк и механизација, не е можно да се предвидат сите дефекти кои би можеле да настанат кај возилата и машините во тековната година, при што ќе се појават дефекти на позиции кои нема да бидат предвидени во техничката спецификација.

Во пракса одредени договорни органи за истиот предмет на набавка постапуваат на следниов начин: "За замена на резервните делови кои не се предвидени во Техничката спецификација, економскиот оператор потребно е да достави предлог понуда за истите со набавни цени надоградени со маржа не поголема од

одреден процент од продажната цена на делот набавен од овластениот дистрибутер. Во прилог на предлог понудата економскиот оператор задолжително доставува и копија од фактурите за набавените делови од овластен дистрибутер."

Дали ваква напомена е согласно Законот за јавни набавки?

Одговор:

Тендерската документација има клучна улога во постапката за јавна набавка и таа мора да ги содржи сите информации неопходни за конкретниот предмет на набавка со цел економскиот оператор да може квалитетно и навремено да ја изготви и поднесе својата понуда.

Воедно, предметот на набавка согласно член 82 став (1) од законот, се опишува на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин кој ќе обезбеди споредливост на понудите во поглед на условите и барањата утврдени од договорниот орган.

При тоа, согласно со ставот (6) од наведениов член, техничките спецификации мора да им обезбедат на сите економски оператори еднаков пристап до постапката за јавна набавка и не смеат неоправдано да ја попречуваат пазарната конкуренција во јавните набавки.

Истовремено, при спроведувањето на јавните набавки договорниот орган е должен да ги почитува основните начела на јавните набавки пропишани со членовите 3-8 од законот.

Во случај кога предмет на набавка се услуги за одржување (каде не е возможно да се предвиди се што би требало да биде заменето) еден од начините кои може да се сретне во пракса е изготвување на лагер листа, со напомена дека за деловите кои не се наведени на истата ќе се користи следниов механизам за утврдување на цената , на пример, „цената на делот кој не е наведен на лагер листата ќе се фактурира на начин - набавната (влезната цена) зголемена за максимум следниов процент на --% маржа и данок на додадена вредност.

Напоменуваме ова е еден од можните начини на регулирање на цените на деловите кои не се на лагер листата.

Истовремено, а со цел да добиете релевантни податоци од пазарот укажуваме на можноста која ја дава членот 76 став (1) од законот, согласно кој по донесување на одлуката за јавна набавка, а пред објавување на огласот за јавна набавка, договорниот орган спроведува технички дијалог со економските оператори. На овој начин, добиените предлози и забелешки ќе ви помогнат при дефинирање на условите во тендерската документација и техничката спецификација.

УСЛОВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТ

8. Прашање:

Дали кај набавките од мала вредност договорниот орган во тендерската документација смее да бара од економскиот оператор стручен кадар - пример, да има обучено лице за сервисирање и одржување на предметот на јавна набавка?

Одговор:

Согласно член 48 став (6) од Законот за јавните набавки, кај набавката од мала вредност договорниот орган го утврдува единствено условот за вршење професионална дејност.

Согласно член 90 став (1) и (2) од Законот, како услов за утврдување способност за вршење професионална дејност, договорниот орган бара секој економски оператор да достави доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран. При утврдување на способноста за вршење професионална дејност на економските оператори договорниот орган бара и доказ издаден од надлежен орган за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон кои се однесуваат на предметот на јавна набавка.

Од друга страна, економски најповолната понуда согласно со член 99 став (2) од законот, може да се утврди и како најдобар однос помеѓу цената и квалитетот што се оценува врз основа на критериуми, вклучувајќи квалитативни, еколошки и социјални аспекти поврзани со предметот на набавка кои може да вклучуваат: б) организација, квалификации и искуство на персоналот кој ќе го извршува договорот, доколку квалитетот на ангажираниот персонал може значително да влијае на извршувањето на договорот.

Доколку во конкретниот случај се бара стручен кадар, сметаме дека истиот може да биде земен во предвид само при одредување на бодови за критериумот квалитет, имајќи предвид дека кај оваа постапка се утврдува единствено условот за вршење професионална дејност.

9. Прашање:

Согласно член 95 став 5 од законот, ако земјата во која е регистриран економскиот оператор не ги издава документите од ставот 4 на овој член, или ако тие не ги опфаќаат сите случаи од членот 88 на овој закон, договорниот орган прифаќа изјава што економскиот оператор ја заверува кај надлежен орган. Дали таа изјава - што ја изготвува економскиот оператор - треба да биде потпишана со негов електронски потпис, со оглед на тоа што со квалификуван сертификат за електронски потпис се потпишуваат документите што самиот економски оператор ги составува или е доволно што изјавата е заверена кај надлежен органи и е преведена кај овластен судски преведувач?

Одговор:

Согласно член 95 став (5) од законот, ако земјата во која е регистриран економскиот оператор не ги издава документите од ставот (4) на овој член, или ако тие не ги опфаќаат сите случаи од членот 88 на овој закон, договорниот орган прифаќа изјава што економскиот оператор ја заверува кај надлежен орган.

Имајќи го предвид наведеното, а во врска со вашето прашање, потребно е да се примени членот 95 став (5) од законот, односно ако земјата во која е регистриран економскиот оператор не ги издава документите од ставот (4) на овој член, или ако тие не ги опфаќаат сите случаи од членот 88 на овој закон, договорниот орган може да прифати изјава што економскиот оператор ја заверува кај надлежен орган, (на пример заверена на нотар, суд, соодветна стопанска асоцијација и слично).

Следствено на изнесеното, доколку изјавата е уредно своерачно потпишана (со потпис и печат) од страна на економскиот оператор, преведена на македонски јазик од овластен судски преведувач, а потоа заверена кај надлежен орган, Бирото е на мислење дека истата треба да се прифати во фазата на евалуација.

10. Прашање:

Дали договорниот орган во постапка за јавна набавка во која има пристигната понуда со подизведувач, треба да ја евалуира таа понуда и да ја отфрли понудата како неприфатлива, затоа што со подизведувачот кој претходно за ист предмет на набавка бил носител на набавката има раскинато договор?

Одговор:

Покрај задолжителни причини за исклучување на економскиот оператор од постапката за јавна набавка утврдени во член 88 став (2) од законот, постојат и незадолжителни причини за исклучување, кои можат да се применат доколку се наведени во тендерската документација.

Така, договорниот орган, согласно член 88 став (4) точка б) од законот, го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка во случаите кога условот за исклучување ќе го наведе во тендерската документација: доколку економскиот оператор покажал значителни или постојани недостатоци во исполнувањето клучни обврски во претходни договори за јавни набавки или претходни договори за концесии и јавно приватни партнерства склучени со тој договорен орган, што резултирало со едностране раскинување на договорот, барање оштета или преземање други слични санкции од страна на договорниот орган во последните 12 месеци од денот на објавување на огласот за јавна набавка.

Наведенава одредба му овозможува на договорниот орган (под услов истата да ја предвидел во тендерската документација), да го исклучи од постапката економскиот оператор доколку истиот покажал значителни или постојани недостатоци во исполнувањето клучни обврски во претходно склучени договори за јавни набавки. Како доказ за овој услов ќе се користат документи за едностране раскинување на договорот, активација на гаранција за квалитетно извршување на договорот, барање за исплата на оштета и сл.

Следствено на горенаведеното, доколку договорниот орган раскинал договор со одреден понудувач кој што бил избран за носител на набавка од причини на значителни или постојани недостатоци во исполнување на клучните обврски, и истото е соодветно документирано, во случај кога истиот економски оператор во следна постапка за јавна набавка се јави како подизведувач, договорниот орган ќе може да го исклучи од постапка под услов основот од член 88 став 4 под б) да бил наведен во тендерската документација.

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

11. Прашање:

Во постапка за јавна набавака договорниот орган го доделува договорот за јавна набавка врз основа на економски најповолната понуда, утврдена како најдобар однос помеѓу цената и квалитетот.
Квалитетот е составен од два поделементи. Еден од понудувачите, едниот поделемент го докажува со отстапување на подизведувач, односно со наведување на делот кој има намера да го отстапи на подизведувач.
Дали може на ваков начин, односно со подизведувач да се обезбедува утврдениот квалитет како дел од однос помеѓу цената и квалитетот?

Одговор:

Економски најповолната понуда согласно член 99 став (2) од законот, може да се утврди и како најдобар однос помеѓу цената и квалитетот што се оценува врз основа на критериуми, вклучувајќи квалитативни, еколошки и социјални аспекти поврзани со предметот на набавка кои може да вклучуваат: а) квалитет и техничка вредност, естетски и функционални карактеристики, достапност, дизајн прилагоден за сите корисници, социјални, еколошки и иновативни карактеристики, како и услови на купопродажба; б) организација, квалификации и искуство на персоналот кој ќе го извршува договорот, доколку квалитетот на ангажираниот персонал може значително да влијае на извршувањето на договорот и в) пост-продажни

услуги и техничка поддршка, а во исклучителни случаи услови на испорака, како што се датум на испорака, начин на испорака и рок на испорака или рок на извршување.

Наведениот став уредува што може да се користи како критериум кај економски најповолната понуда.

Кај бодувањето на квалитетот дозволено е кога понудувачот во постапката учествува со подизведувач или како група понудувачи и само во тој случај може да се бодува и неговиот технички персонал. Доколку е физичко лице и за истото е доставен договор на дело од страна на учесникот во постапката, таквото лице може да се бодува во елементот квалитет. Односно, кај бодувањето на квалитетот не е дозволено користење на способност на други економски оператори - кога станува збор за договор за деловно техничка соработка.

Исто така, укажуваме дека во Тендерската документација, а имајќи го предвид член 99 став (2) од Законот, предмет на бодување не треба да биде способноста (искуство) на економските оператори, бидејќи истото е уредено со член 92 став (2) од Законот, и може да се бара само рамките на техничка и професионална способност.

СРЕДСТВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ / НЕГАТИВНА РЕФЕРЕНЦА

12. Прашање:

Договорниот орган има направена измена на основниот договор кој што е склучен за период од 3 години, согласно член 119 од ЗЈН и следствено на тоа е потребно да се достави и нова банкарска гаранција за квалитетно извршување на Договорот. Поради тоа што измени на истиот се направени за 20% од првичниот договор, дали банкарската гаранција треба да се издаде на износот од 20% или на зголемениот (вкупен) износ од изменетиот основен договор?

Одговор:
Согласно член 1 од Законот за јавните набавки (понатаму: Закон), со овој закон се уредуваат начинот и постапките за јавни набавки, надлежностите на Бирото за јавни набавки, надлежностите на Државната комисија за жалби по јавни набавки и правната заштита во постапките за јавни набавки, како и правната заштита во постапките за доделување концесии и договори за јавно приватно партнерство.

Согласно член 102 став (1) и став (7) од Законот, договорниот орган може да бара од понудувачот чија понуда е избрана за најповолна да обезбеди гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во вид на банкарска гаранција и тоа го наведува во огласот и во тендерската документација. Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Согласно член 117 став (1) и став (3) од Законот, договорните страни го извршуваат договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда. На одговорноста на договорните страни за исполнување на договорните обврски, покрај одредбите од овој закон, соодветно се применуваат одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

Имајќи го предвид горенаведеното, Законот го уредува начинот и постапките за јавни набавки, а договорните страни за исполнување на договорните обврски, покрај одредбите од овој закон, соодветно ги применуваат и одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

Од таа причина, во случај кога во текот на извршувањето на договорот за јавна набавка треба да се продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, потребно е да се имаат предвид одредбите од склучениот договор, особено во однос на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, и доколку со истите се уредува ваква околност, соодветно да се постапи. Доколку склучениот договор не содржи посебни одредби кои се однесуваат на продолжување на важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, договорниот орган, во зависност од предметот на набавка и начинот на извршување, и согласно професионалните стандарди и прифатената добра пракса, треба самостојно да одлучи за начинот и формата на продолжувањето/зголемувањето на вредноста на гаранцијата кој е прифатлив за него, во однос на обезбедување на квалитетното и навремено извршување на договорот.

КОНКУРС ЗА ИЗБОР НА ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ

13. Прашање:

По спроведен Конкурс за избор на идејно решение, известувањата за избор на економските оператори ќе им ги доставиме преку пошта. Дали треба во прилог на известувањето треба да им доставиме и копии од Одлуката за избор и Извештајот од спроведена постапка?

Одговор:

Договорниот орган согласно член 70 став (7) од законот, задолжително објавува известување за спроведен конкурс за избор на идејно решение во рок од десет дена од спроведување конкурс за избор на идејно решение.

Од друга страна и членот 125 став (2) од законот, го обврзува договорниот орган кој спровел конкурс за избор на идејно решение да ги објави резултатите од конкурсот во рок од десет дена од денот на завршување на истиот.

Согласно став (3) од наведениов член, по исклучок од ставот (2) на овој член, договорниот орган не е должен да објави информации за резултатот од конкурсот, доколку нивното откривање би го попречиле спроведувањето на законот, доколку тоа би било во спротивност со јавниот интерес или би наштетило на легитимните деловни интереси на економските оператори или може да влијае на фер конкуренцијата меѓу давателите на услуги.

Поради спецификите кои конкурсите ги имаат за разлика од договорите за јавни набавки, со Глава VI се пропишуваат правила кои што се применуваат на конкурсите за избор на идејно решение. Но, од горенаведените одредби јасно произлегува обврската за почитување на начелото на транспарентност и објавување на оглас за конкурс за избор на идејно решение и известување за спроведен конкурс за избор на идејно решение.

Во однос на прашањето „дали во прилог се доставува и копија од Одлуката за избор и Извештајот од спроведена постапка“, истото во законот не е експлицитно уредено. Поради што, вие како договорен орган треба да одлучите дали наведените документи ќе ги доставите во прилог. Истовремено, при одлучувањето како ќе постапите предвид треба да ја имате и одредбата од член 126 став (1) од законот, согласно која договорниот орган, при организирање и реализирање конкурс за избор на идејно решение, ги применува правилата кои се во согласност со општите одредби од овој закон и одредбите од оваа глава.

Истовремено, напоменуваме дека од податоците наведени во прашањето, не може да се утврди дали конкурсот за избор на идејно решение е спроведен како специфична постапка за стекнување на план или проект кој е избран од страна на жири-комисија, со или без доделување награди или конкурсот за избор на

идејно решение е организиран како дел од постапка за јавна набавка на услуги или дел од постапка за јавна набавка за работи во случаите на проектирање и изведување работи.